**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА**

Врз основа на чл.5 од Правилникот за остварување, чување и одржување на националните еталони и условите за признавање на референтните еталони за национални еталони ("Службен весник на Република Македонија", бр.28/09), директорот на Бирото за метрологија донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### За признавање на национален еталон за мерната единица за маса

1. Референтниот еталон за мерната единица за маса гарнитура тегови број 17329310 од 1 mg до 5 kg од класата на точност Е1 производ на SARTORIUS во лабораторијата за маса на Бирото за метрологија, се признава за национален, како еталон за единицата за маса со најмала неодреденост.
2. Бирото за метрологија ќе ја обезбедува следливоста на националниот еталон за маса до меѓународните еталони.
3. Лабораторијата за маса на Бирото за метрологија ќе се грижи за одржување и зачувување на неговите карактеристики.
4. Лабораторијата за маса на Бирото за метрологија должна е да ја десеминира вредноста на мерната единица за маса националниот еталон преку процедурите за калибрација на пониските хиерархиски нивоа во Република Македонија.
5. Лабораторијата за маса на Бирото за метрологија ќе се грижи за својата компетентност да располага со националниот еталон преку интеркомпарации и спазување на воведените процедури од стандардот МКС ISO/IEC 17025.
6. Националниот еталон за маса ќе се обезбедува од Бирото за метрологија во согласност со националните потреби и неговите можности за потребите на економично работење на метролошкиот систем на земјата.
7. Референтен документ е одобрениот елаборат за признавање на националниот еталон за мерната единица за маса, под бр. 0302-2054/2 од 11.03.2009.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Метролошкиот совет на Бирото за метрологија прими барање од Бирото за метрологија во постапка на признавање на национален еталон за маса, да даде мислење за елаборатот за признавање на националниот еталон за маса. Метролошкиот совет формира стручно тело за оценка на приоритетите и потребата за остварување на национален еталон за мерна единица за зафатнински проток и единица за маса кое го разгледа доставениот елаборат и поднесе до советот мислење за оценка на приоритетите и потребата за остварување на национален еталон за маса. Советот на својата 36 седница од 29.05.2009 го разгледа и одобри позитивното мислење по елаборатот на своето стручно тело и го достави до Бирото за метрологија.

Директор

Парнарџиев Димитар

Парнарџиев

Бр 0302-2054/4.
Дата: 22.о6.2009:

бул. Јане Санда... 1000 Скопје
тел. 02/ 2 403 676 тел./факс. 02/2 444 677
www.bom.gov.mk